Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот

Скопје поднесено на 01.11.2023 година, имателот на информацијата Министерство за економија го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, по точките 5 и 10: „ Колку ја чинеше Владата учеството на Саемот за вино Wine Vision на Отворен Балкан на 1,2,3 и 4 септември 2022 во Белград? Колку чинеше аранжманот за новинарите (автобус и хотелско сместување)? Колку чинеше македонската вечер во рамки на саемската манифестација? Колку чинеше ангажманот на музичкиот изведувач на македонската вечер во рамки на саемската манифестација? Освен премиерот на Саемот присуствуваа и министрите Бисера Костадиновска- Стојчева, Никола Тупанчевски, Крешник Бектеши, Љупчо Николовски и Благој Бочварски – колку ПР службеници и камермани/фотографи присуствуваа на настанот и од кои министерства/ресори/кабинети?“ како и „Колку вкупно чинеше патувањето во Вашингтон на стратешки дијалог со САД во јуни 2022 (авиобилите, хотелско сместување и дневници на сите членови на делегацијата предводена од министерот Бујар Османи, вклучително и на министрите Костадиновска-Стојчевска, Славјанка Петровска и Крешник Бектеши), колку ПР, кабинетски службеници и камермани/фоторепортери патува со делегацијата и прецизно од кои министерства беа?“.

Се УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од , имателот на информацијата Министерство за економија

**ВО СЛУЧАЈ НА УВАЖУВАЊЕ**

Ви ја доставува информацијата:

По однос на точка 5: За Отворен Балкан од Министерството за економија присуствуваа еден ПР и еден фотограф, односно Александра Спасевска, Раководител на сектор за координација на активностите на министерот (портпарол) и Јахи Велија, фотограф, додека пак по однос на точка 10: За Стратешкиот дијалог во САД каде што министерот Крешник Бектеши беше во состав на делегацијата, во негова придружба од Министерството за економија беа: Исмаил Лума - државен советник за енергетика, Билјана Додевска-државен советник за трговија, Александра Спасевска-Раководител на сектор за координација на активностите на министерот (портпарол) и Џеват Далипи-советник во кабинетот на министерот.

За стратешкиот дијалог за делегацијата од Министерството за економија трошоци за министерот и сите придружни членови:

Трошоци за авио билети **632,946.00 денари**
Трошоци за дневници **97,378.51 денари**
Трошоци за хотелско сместување **428,001.75 денари**
**Вкупни трошоци 1,158,326.26 денари**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерство за економија на 08.11.2023 година, под бр. 15-4101/2.

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Верица Поп Ѓорчева, Виш соработник